**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

Бр.12-539/5 од 09.06.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајќи по барањето на ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, со Бр.12-539/2 од 15.04.2022година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број 03-121/2022 од 03.2022година, изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.321/1, КП.бр.321/2, КП.бр.321/3, КП.бр.322/1, КП.бр.322/2, КП.бр.324 КП.бр.326, и КП.бр.327 во КО.Црничани, општина Дојран.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број 03-121/2022 од 03.2022година, изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.321/1, КП.бр.321/2, КП.бр.321/3, КП.бр.322/1, КП.бр.322/2, КП.бр.324 КП.бр.326, и КП.бр.327 во КО.Црничани, општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.321/1, КП.бр.321/2, КП.бр.321/3, КП.бр.322/1, КП.бр.322/2, КП.бр.324 КП.бр.326, и КП.бр.327 во КО.Црничани, општина Дојран, изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, , со технички број 03-121/2022 од 03.2022година.
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Позитивно мислење од комисијата за урбанизам за одобрување на Проектна Програма,
- Полномошно,
- Имотни листови за парцелите,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со број 12-539/4 од 03.06.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev
Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2022.06.09 13:45:52 +02'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

Ango Angov
Digitally signed by Ango Angov
Date: 2022.06.09 13:58:07 +02'00'

АНГО АНГОВ